ИЗДАНИЕ 1 2011 WWW.CAT.COM

# CAT MAGAZINE



НА ЛОКАЦИЈА ЈАТАГАН, ТУРЦИЈА

## ИСПРОБАНО, ИСПИТАНО, ИЗДРЖАНО

### СЕРТИФИЦИРАНА КОРИСТЕНА ОПРЕМА НА CAT

### ACCUGRADE НА РАБОТА ВО ЛАТВИЈА

### ОДЛУЧУВАЧКАТА РАЗЛИКА Е ВО СЕРВИСОТ

Teknoxgroup CAT

# РАСЧИСТУВАЊЕ ПРЕД ПОЛЕТУВАЊЕ

## ФИНИШЕРИТЕ НА CAT ЈА СТАВААТ ПРОДУКТИВНОСТА НА АЕРОДРОМОТ НА ПРВО МЕСТО

**Кога се во прашање меѓународните аеродроми и авиокомпаниите кои ги користат, точноста на летовите е од суштинска важност. Затоа, кога пистите и такси линиите треба да се обновуваат станува јасно дека треба да се повикаат глодалките за асфалт на CAT од серијата PM200. CAT магазинот известува за работењето на две глодалки PM200 кои ги асфалтираат пистите на два меѓународни аеродрома.**




**PM200 ГЛОДАЛКА ЗА АСФАЛТ**
Cat® C18 мотор со ACERT™
Моќност од 1900 вртежи во минута
**Бруто:** 429kW/583hp
**Нето:** 415kW/564hp
**Работна тежина:** 30,100кг
**Ширина на роторот (макс.)** 2010мм
**Длабочина на роторот (макс.)** 320мм

**АЕРОДРОМОТ ВО БОЛОЊА, ИТАЛИЈА: ДОВЕРЛИВОСТ НА КОЈА МОЖЕМЕ ДА СМЕТАМЕ**

Аеродромот во Болоња е рангиран на 3-то место во Италија и има писта која е оспособена да се справува со летови на дестинации и до 5,000 наутички милји. Со оглед на тоа што аеродромот го користат околу 20 милиони патници годишно, непречената услуга за патниците е од витално значење.

Градежното претпријатие од Болоња – Кооперативеа Коструциони беше ангажирано да ја асфалтира пистата како и такси линиите без попречување на летовите. Фирмата веднаш го ангажира PM200 на CAT. „Од суштинска важност беше да завршиме на време и без застои", изјави Никола Гвидети од Кооп Коструциони. „Апсолутно бевме сигурни дека ќе ни требаат две глодалки за асфалт PM200 на CAT. Веќе неколку пати пред тоа го имавме тестирано овој модел и знаевме дека тој ни го испорачува она што нам ни треба: врвни перформанси и продуктивност, доверливост и капацитет да се работи без паузи. Со оглед на тоа што имавме само еден PM200, го контактиравме нашиот локален дилер на CAT – CGT, со цел да ја изнајмиме втората машина.

Работата беше завршена во рок од две 6-часовни ноќни смени, со тоа што три часа беа посветени на отстранување на оштетениот асфалт со користење на двете глодалки во тандем. Околу 5 часот наутро, на крајот на ноќната смена, аеродромот повторно беше во функција. Вкупно 670 тони материјал беше изглодан на 10,500м$^2$ површина".

**АЕРОДРОМОТ ВО МУМБАИ, ИНДИЈА: ПЕРФОРМАНСИ ЗА ПРОДУКТИВНОСТ**

Меѓународниот аеродром во Мумбаи, Чатрапати Шиваџи, е најголем во Индија, со четири терминали кои се простираат на оперативна зона од 1,450 акри, (5,9км $^2$).Годишно, аеродромот опслужува 25 милиони патници и преку 500,000 тони карго.

Соочени со потребата од поголеми авиони каков што е A380 Airbus, подобрувањето и проширувањето на пистите беше од суштинска важност. Градежната фирма Ашвини Инфра Дивелопмент (A.I.D.) им се обрати на дилерите на CAT Gmmco, да испорачаат нов PM200 како додаток на нивниот PM102 кој веќе работеше. Сметаа на тоа дека ако имаат две машини кои ќе работат во тандем, ќе можат да ги исполнат строгите рокови зацртани во проектот.

Надзорникот на работењето на локација, Рајеш Ганекар, откри дека: „PM200 успешно и лесно се справува со секаков вид на засеци. Глоданата површина беше одлична и со тоа се олеснуваше следната фаза, спојувањето и лепењето. Нивоата беа одржувани, па како резултат на тоа немаше потреба од поминување на истиот засек по втор пат".

Благодарение на продуктивноста на PM200, преку 130,000 м$^2$ асфалт веќе се отстранети како дел од овој проект кој се уште трае. ■

>> **PM200 во акција:**
www.mycattv.cat.com/PM200



**АЛ-ХАЛАБАТ, ЈОРДАН**
Одлучувачката разлика е во сервисот

**Драги читатели,**



Како што наближува новата година, се чини дека неодамнешните тешки времиња се зад нас. Сега заедно можеме да се надеваме на посветла иднина.

Можете да бидете сигурни дека Caterpillar е подготвен да се соочи со предизвиците на утрешнината заедно со вас. Ние сме одлично опремени, како никогаш досега, за да ги слушнеме вашите потреби и да одговориме на нив-да ве поддржиме со извонредни производи, сервис и уникатни решенија со кои ќе имате најниски трошоци на поседување и работење.

Но, како што сигурно знаете, нашата поддршка значи многу повеќе. На пример, ние подготвивме сеопфатна низа на квалитетна користена опрема на CAT и опции за изнајмување кои ќе ги прошират вашите работни можности. На овој начин ќе ви помогнеме до максимум да ги искористите можностите за бизнис кои ќе се појават пред вас.

Во ова издание ќе бидат нагласени некои аспекти на нашето работење. Така, на страниците што следат ќе откриете како купувачите на Caterpillar профитирале на меѓународно ниво како резултат на нашата решителност да им обезбедиме – и ним и вам – решенија што ја зголемуваат вредноста во текот на целиот нивен животен век, било да сте вие прв или втор сопственик на опрема на CAT. Уживајте во читањето.

**Паоло Фелин,**
**Потпретседател на Caterpillar**



**МОНТЕ ЦЕНЕРИ, ШВАЈЦАРИЈА**
Иновативност на дело



**ЈАТАГАН, ТУРЦИЈА**
Сертифицирана користена опрема на CAT



**МИНХЕН, ГЕРМАНИЈА**
Моментална привлечност


**СЕРВИСОТ КАКО ОДЛУЧУВАЧКИ ФАКТОР**
Поддршката од дилерот значи врвна ефикасност 4

**ACCUGRADE™ НА РАБОТА ВО ЛАТВИЈА**
Поддршката на дилерот значи врвна ефикасност 8

**СОВЕТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ**
Одржување на вашиот хидрауличен систем 11

**МОМЕНТАЛНО ПРИВЛЕКУВАЊЕ**
Продадено на M318C на Баума, 2006 г. 12

**ГЕНИЈАЛНОСТ НА ДЕЛО**
Пробивање тунели во Швајцарија 14

**ИСПРОБАНО, ИСПИТАНО, ИЗДРЖЛИВО**
Сертифицирана користена опрема на Cat во Турција 16


**Ова е само дел од она што ве очекува во ова издание – внатре ќе најдете многу повеќе новости и видувања. Ако имате идеи за некое идно издание, ве молиме да нè контактирате на CatMagazine@cat.com**


**ИЗДАВАЧ:** Џени Стромбом, Caterpillar S.A.R.L. **ГЛАВЕН УРЕДНИК:** Агнес Шретер, Caterpillar S.A.R.L **ПРОЕКТ МЕНАЏЕР:** Карм Сагу **КООРДИНАЦИЈА СО ДИЛЕРИТЕ:** Хои-Јан Планиер-Лиу, Анелоес де Јонг **НОВИНАР ВО РУБРИКА:** Ник Кардинг **ДИЗАЈН:** Рон Стрик **ФОТОГРАФИЈА:** Питер Вервер, Урс Певер **ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ** Centigrade за Caterpillar S.A.R.L. www.centigrade.com **ЛОКАЛЕН ДИЛЕР ЗА КОНТАКТ:** Теknoксгруп Македонија Дооел, Антон Попов 6.6., 1000 Скопје www.teknoxgroup.com

Cat Magazine се дистрибуира од страна на дилерите на Caterpillar во Европа, Африка и на Блискиот Исток три пати во годината. Ве молиме писмата до уредништвото праќајте ги на следнава адреса: Caterpillar S.A.R.L. 76, Route de Frontenex, PO Box 6000, 1211 Geneva 6, Switzerland. CatMagazine@cat.com

# СЕРВИСОТ КАКО ОДЛУЧУВАЧКИ ФАКТОР

**Водечкиот оператор на каменолом во Јордан е во процес на заменување на неговата комплетна флота машини со соодветни модели на CAT. Која е причината? Единствено локалниот дилер на CAT овозможува сервис каков што е потребен за да ги одржува машините во работна состојба со врвна ефикасност 24/7.**

Менаџерот на локацијата, Амер Мбеидин, е застанат на највисоката точка на каменоломот Ал-Свеиме кој се наоѓа 45 км западно од престолнината на Јордан Аман, од каде што може да се види како сончевата светлина се прелева над Мртвото Море преку хоризонтот за време на пладневната горештина. „Навистина е прекрасно", изјави тој. Но, неговите очи не го гледаат пејсажот, туку она што за него, исто така, е преубава глетка – натоварувачот на тркала CAT 988H на работна задача на каменоломот како го полни дамперот со уште еден товар варовник. Тоа е глетка од која никогаш не се заморува затоа што вели: „Секој товар претставува исполнување на уште едно ветување, уште еден задоволен купувач, уште еден чекор напред кон продуктивно и профитабилно работење. Во нашиот делокруг на работење тоа е она што најмногу значи".

Каменоломот Ал-Свемеи го води компанијата „Дивелопед крашерс", основана во 2002 г. и членка на јорданската групација „Манасир"во сопственост на инженерот Заид Ал- Манасир. Компанијата „Дивелопед крашерс"го води работењето на уште два каменолома – едниот на југ, близу Акаба, и другиот, каменоломот Ал-Халабат, 60 км источно од Аман. Производите на компанијата се продаваат на целата територија на Јордан, а од нив 70% се користат за производство на бетон, додека 30% се користат во изградбата на патишта и за други намени.

*„Секој товар претставува уште еден чекор кон продуктивно и профитабилно работење. Во овој бизнис тоа е она што вреди"*

Каменоломот Ал-Халабат, отворен во 2008 г., произведува висококвалитетен базалт и, според тврдењето на менаџерот на локација, Омар Ал Серди, базалтот е прв од ваков вид во Јордан. „Постоеше уште еден каменолом на базалт во земјата кој работеше од 1975 г. до 1985 г. и произведуваше базалт за производство на материјали за изолација. Но, ние сме први во земјата кои произведуваме висококвалитетен дробен базалт погоден за мешање со асфалт. Нашиот производ се користи за изградба на патишта низ целиот Јордан и во значителна мера придонесува за подобрување на квалитетот на патиштата низ земјата. Работиме 20 часа на ден, шест дена во неделата, и произведуваме околу 350 тони дробен производ на час, и се очекува да достигнеме производство од 900 тони до крајот на годината, откако ќе почнеме со користење на новата 550-тонска дробилка".

Каменоломот Ал-Свемеи беше отворен во 2002 г. Зазема површина од еден милион $м^2$ локација, од кои 300,000 $м^2$ се користат во моментот со 220 вработени луѓе, така што овој каменолом е најголем во Јордан и еден од поголемите на Блискиот Исток. Производството на асфалтен материјал се движи околу 900 тони на час, со големина на зрно од 0-2мм до 16-25мм. На локацијата, исто така, се вади кварцен песок за потребите на бетонската индустрија, а исто така се врши и производство на мермер.

### КРИТИЧНАТА СОСТОЈКА

Кога ќе дојдете на каменоломот Ал-Свемеи, набрзо ќе сфатите зошто навременото сервисирање на машините е од клучно значење за да се одржи профитабилното работење. Каменоломот се наоѓа 150 метри под нивото на морето (но сè уште 272м над Мртвото Море, најниското копно на планетата), каде температурите на пладне редовно преминуваат 40 степени, а во лето се искачуваат до 55 степени. Згора на тоа, условите се сурови, теренот е абразивен, песочен, така што не зачудува што машините секојдневно, рутински се истрошуваат и абат.

Повеќе ▸






Дознајте повеќе за нашата комплетна поддршка
www.uk.cat.com/maintenance-and-support










Инженерот Заид Ал-Манасир, сопственик на групацијата Манасир во Јордан



Менаџерот за делови и сервис во Јордан Трактор, Амин Амирех

Истата приказна е и на каменоломот Ал-Халабат. Иако е лоциран 500 метри над нивото на морето – и затоа има поволни поумерени температури ( но вие не би забележале), составот на каменот кој се вади таму – висококвалитетен базалт – значи дека во воздухот и околината е присутна ситна прашина, затнувајќи ги филтрите и подложувајќи ја опремата на висок степен на абење. На двете локации ќе видите машини на CAT, испорачани од локалниот дилер на CAT, Јордан Трактор, како напорно работат занемарувајќи ги условите. Но, вака не беше секогаш.

Кристи Џано, претседател на Јордан Трактор, продолжи да раскажува: „Пред 2008 г. воопшто немаше возила на CAT на која било од локациите на Манасир Крашерс. Но, претходно имавме испорачано генераторски сет од CAT за користење во Ал-Халабат. Излезе дека ние бевме поредовни во сервисирањето на генераторот отколку што доаѓаше дилерот кој ја продал градежната опрема уште во 2005 г. Тие го забележаа тоа и се прашуваа зошто го нема истото ниво на услуги од нивниот главен снабдувач со опрема.

„Како што се грижиме за нашите купувачи и потенцијални купувачи, така и овој пат ние продолживме редовно да ги посетуваме, и дури понудивме совети и помош во врска со нивната опрема која не беше на CAT. Еден ден, тие се обратија до нас и рекоа: „Дали би можеле да ни испорачате 40 машини на CAT?" Можете да претпоставите што беше нашиот одговор на тоа. Тие, всушност, не беа задоволни со нивото на продуктивност на нивните машини и се одлучија за машините на CAT бидејќи имаат високи перформанси поткрепени со сервис и одржување за кои беа убедени дека сме во можност да го понудиме, а уште повеќе, тие знаеја дека машините ќе направат значителни измени во работењето и бизнисот. Тоа беше почеток на нешто што прерасна во извонредно партнерство. Досега сме испорачале 29 машини на CAT и замената на машините сѐ уште трае. На пример, во тек е спроведувањето на заедничка студија која ги разгледува можните придобивки од замената на огромната флота на руски дампери на компанијата со машини на CAT, и тоа моделите 770 и 772. Така што ова е процес кој сѐ уште трае и посветеноста на Манасир кон машините на CAT сѐ повеќе расте како што одминува времето. „Сѐ додека ние си ја вршиме работата правилно", додава со насмевка.

**ПОДДРШКА НА ДЕЛО**

Интензивната поддршка од страна на Јордан Трактор која беше заклучена со сервисен договор, и вклучува одржување и поправка на целата опрема на CAT, може да се види на двете локации. Во работилниците има постојан тим составен од двајца техничари од Јордан Трактор кои се на располагање 24 часа на ден и извршуваат рутински проверки, сервисирање и поправки. Тие се потпомогнати од „летечкиот" тим на техничари кои се лоцирани во работилницата на Јордан Трактор во Аман. Тие се подготвени 24 часа на ден, дури и за време на викенди, да дојдат на која било локација ако настане проблем кој бара поголема експертиза или човечки потенцијал за да се реши. Во случај да има некоја крупна поправка, тогаш машината се транспортира во работилницата на Јордан Трактор во Аман – засега само еднаш имаше потреба од ова.

Дали тешките услови на двете локации водат кон тоа од двајцата постојани техничари да се има нереални барања? „Не", вели техничарот Фарис Дегес кој е во Ал-Свемеи. „Станува збор за нормална процедура, ништо посебно, не се соочуваме со посебни предизвици". Но, сепак, се забележува дека тој и неговиот колега се постојано зафатени и тој призна дека работат многу часови, понекогаш од 5 часот наутро до 20 часот навечер. „Но", додава тој, „тоа е само затоа што толку време ни треба за да ја завршиме работата како што треба, не дека има некои посебни проблеми со машините на CAT кои работат овде".




Работата што тој и неговите колеги ја извршуваат е, како што претпоставувате, темелна. Поради отежнатите услови на работење, потребно е постојано следење на состојбата на машините заедно со редовна проверка, известување и анализа на механичките, електричните и хидрауличните системи. Уште повеќе, преку S•O•S[SM] системот на CAT, се врши редовна анализа на маслото и примероците се носат на анализа во лабораторијата на Јордан Трактор во Аман. Лабораторијата е основана во 1982 и е прва од ваков вид на Блискиот Исток.

*Се на се , тоа е интензивна програма“, вели менаџерот за делови и сервис на Јордан Трактор, Амин Амире. „Но, целта е едноставна – да ги одржуваме машините на CAT за да му носат пари на нивниот сопственик, а не да седат во работилницата и да чинат многу пари и потрошено време без приход. За да ја оствариме оваа цел, ние работиме според принципот „поправка пред дефект“, а успехот на ова

*„Нема ништо подобро од комуникација лице-в-лице на кое било ниво“.*

е решавачки фактор во одржувањето на нивото на продуктивност кое го бараат нашите купувачи“.

**СРЕДБА НА УМОВИ**

Помош во координирањето на поддршката е обезбедена од страна на супервизорот за ЦСА администрација во Јордан Трактор, Рејад Батах. „Ако сакате се да тече непречено“, вели тој, „нема ништо подобро од редовно комуницирање лице в лице на секое ниво. Така, ние свикуваме состаноци еднаш неделно со релевантните луѓе од Манасир Крашерс и од Јордан Трактор. Ова значи дека јас сум постојано на пат помеѓу Аман и двете локации на каменоломите повеќе од три пати во неделата. Резултатот е ефективна комуникација која води до брза акција каде што е потребно, а тоа, пак, придонесува купувачите да бидат задоволни. Работата е интензивна, но затоа, пак, доведува до зближување, а резултатите се вредни и за двете страни“.

На еден од состаноците на локацијата Ал-Свемеи беа присутни претседателот на Јордан Трактор, Кристи Цано, и генералниот менаџер на Манасир Крашерс, Абдулгани Ал-Манасир. Јасно беше дека нивниот деловен однос напреднал и станал многу повеќе од формален однос помеѓу дилер и купувач. Господинот Манасир го потврдува ова велејќи: „Ние не сме само купувач и дилер, ние сме две поврзани, но сепак, одделни организации. Во годините што изминаа се создаде вистинско партнерство, средба на умови кои работат заедно за заеднички придобивки. Сигурно се согласувате дека ова е најдобриот начин да се прави бизнис“.

Застанат на врвот на каменоломот Ал-Свемеи на врелото попладневно сонце, и гледајќи надолу кон машините на Cat кои работа со полна пареа, менаџерот на локацијата Амер Мбеиден сигурно би се согласил. ■



Менаџерот на локацијата на Ал-Халабат, Омар Ал Серди

**МАШИНИТЕ НА CAT НА РАБОТА ВО АЛ-СВЕМЕИ**

- 8 x 966H натоварувачи на тркала
- 3 x 988H натоварувачи на тркала
- 4 x D10T булдожери
- 1 x 329C хидрауличен багер

**МАШИНИТЕ НА CAT НА РАБОТА ВО АЛ-ХАЛАБАТ**

- 4 x 966H натоварувачи на тркала
- 2 x 988H натоварувачи на тркала
- 2 x D10T булдожери
- 1 x 365C хидрауличен багер

>> **Видете и самите на оваа видео снимка**
www.mycattv.com/totalsupport

## ACCUGRADE™ НА РАБОТА ВО ЛАТВИЈА

# СПОКОЈСТВОТО Е ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ

**За време на големиот зафат за развој на инфраструктурата на главниот град на Латвија Рига, како и на проектот за обновување на еден од главните патишта во земјата, изнајмениот булдожер Cat D6K, опремен со AccuGrade 3D GPS, ги зголемуваше работните перформанси на локалната градежна фирма СИА Родекс до невидени нивоа.**

Улдис Клаперис, управител на градежната фирма СИА Родекс со седиште во Рига, покажува на реката сообраќај што се движи долж надвозникот кој поминува покрај неговите канцеларии: „Можеби Латвија не е голема земја со огромна популација“, вели тој, „но како што можете да видите, луѓето се многу зафатени. Бидејќи во последнава деценија луѓето во нашата земја станаа се позафатени, итно беше потребно да се подобри инфраструктурата. Имавме среќа, како фирма да бидеме дел од процесот на обновување на инфраструктурата“.

СИА Родекс е основана во 1997 г. и го започна работењето како мала фирма за одржување и изградба на патишта, и овие активности и до денес се уште ја сочинуваат основната дејност на работење на фирмата. По успешниот почеток, во 2001 г. фирмата почна забрзано да расте и овој процес трае до денес, и покрај неодамнешниот пад на економијата во земјата. „Сегашните услови ни овозможуваат да вработуваме од 100 до 180 луѓе, во зависност од периодот во годината“, вели Улдис. „Сега сме петтата



>> **Дознајте повеќе за AccuGrade овде:**
www.uk.cat.com/accugrade

најголема градежна компанија во Латвија, и...“, се смее, „... имаме намера да бидеме уште подобри, што е можно побрзо“. Тој, исто така, нагласи дека брзиот напредок на компанијата не се должи само на изборот на нови кадри и на обртот, туку и на искуството, со оглед на тоа што е проширена лепезата на проекти кои ги имаат преземено. „Искуството е тоа што вреди“, додава тој. „Особено кога времињата се тешки и постојано сте притиснати да работите се поефикасно“.

**„НЕ СМЕЕМЕ ДА ДОЗВОЛИМЕ ДА БИДЕМЕ НЕПРОДУКТИВНИ“**

Сепак, не може да се одрекува дека во доменот на градењето патишта, обемот на бизнисот навистина игра важна улога. Така, фактот што СИА Родекс поседува околу 30 машини, вклучувајќи дампери, булдожери, павери и компактори за земја и асфалт, навистина игра клучна улога и оди во прилог на компанијата кога таа се пријавува на тендер за поголеми зафати. Од 30-те машини, девет се со логото на CAT. „Може да се каже дека клучните машини што се користат во изградбата на патишта се тие на CAT“, изјави директорот за производство на Родекс, Јанис Ансвиесулис.

Зошто токму Caterpillar? Јанис дава прагматичен одговор: „Првата машина ја купивме во 2005 г. - тоа беше нов булдожер D5, и го купивме заедно со уште една машина од друга фирма (не CAT). Во 2006 г. имавме ситен проблем со машината на CAT, но, исто така, и со другата машина. Локалниот дилер на CAT, СИА Витрактор, го поправи D5 булдожерот веднаш, така што немаше застој. Таква брза интервенција немавме за другата машина така што решивме да ја замениме со уште една CAT машина. Не смееме да си дозволиме да бидеме непродуктивни“.

Исто така, постоеја и други фактори кои ги убедија СИА Родекс дека инвестирањето во машини на CAT е правилна одлука. Јанис вели: „Многу внимателно ја набљудуваме ефикасноста, доверливоста и продуктивноста на машините. Споредуваме една машина со друга и така откриваме која машина навистина работи и колку, а која не. Едноставно речено, машините на CAT имаат перформанси кој ги бараме. Исто така, им се допаѓаат и на операторите. Велат дека машините имаат поголема моќност од други машини кои не се на CAT“.

Додава дека откако соработуваат со дилерот на CAT, СИА Витрактор, имаат можност да користат демонстрација на машина пред да се одлучат да ја купат. „И тоа не само неколку часа туку цела една недела за комплетно да се процени машината. Ниту еден друг дилер нема дадено ваква понуда“.

**ЦЕЛОСНО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ОПЦИЈАТА ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ**

Како и другите дилери на CAT во Европа, Африка и Блискиот Исток, дилерот во Латвија, СИА Витрактор, нуди изнајмување на CAT машини. Тоа е опција која СИА Родекс ја има искористено во целост, изнајмувајќи PM102 и PM 200 глодалки за асфалт, AP655 D асфалтен поставувач (финишер), и еден D6K булдожер опремен со комплетен систем 3D GPS AccuGrade. Овие машини се употребуваат за изградба на патишта на две главни локации, особено машината опремена со AccuGrade системот кој овозможува високи перформанси и продуктивност и брз напредок во тешки времиња за СИА Родекс.

**ЈУЖНИОТ МОСТ – ПОВРЗУВАЊЕ ЗА НЕПРЕЧЕНО ОДВИВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ**

Проектот за Јужниот мост во Рига има долга историја. Првите цртежи на мост до јужниот дел на градот преку реката Даугава, се изготвени уште во 30-тите години од минатиот век. Но, тие претставувале само „добра идеја која треба да се реализира еден ден“. Порастот на бизнисот и зголемениот обем на туризмот, придружени со пристапувањето на Латвија во Европската унија во 2004 г. повторно ја актуелизираа потребата од итна изградба на Јужниот мост како главен елемент во планираната обиколница на Рига. Изградбата започна во 2005 г. и мостот беше пуштен за локален сообраќај во ноември 2008 г. Се уште трае изградбата на пристапната мрежа на патишта со кои мостот ќе ги поврзе главните патишта со јужниот дел од градот. Изградбата се предвидува да заврши кон крајот на 2011 година.

СИА Родекс е една од водечките градежни фирми во овој проект и има одговорност да изгради 2,5 км пристапен пат кој се состои од девет засебни ленти, вкупно 22,5 км градежни зафати, вклучувајќи ги и тесните рокови за изведба. „Ова е тешка работа“, вели Улдис Клаперис, „затоа што треба да градиме кратки делници истовремено во координација со други градежни фирми кои градат други, поврзани делници. Така што брзината и прецизноста се од клучно значење. Заради тоа се одлучивме да изнајмиме Caterpillar 3D GPS AccuGrade систем. Го имавме видено овој систем на демонстрација на CAT во Малага и сфативме дека ќе биде идеален токму за ваквиот градежен зафат“.

Повеќе ▸



Јужниот мост во Рига, Латвија



**АРТУРС ДЕГРОВС,** според неговиот газда, е „најдобриот оператор во компанијата“, освојувајќи две награди: трето место на натпреварот Предизвик за оператори, одржан во Латвија во 2008 г., како и второ место на натпреварот за оператори наречен CATBALL (Кетбол) во 2010 г. „Претходно не користев AccuGrade, така што очекував да ми создаде главоболки. Но, не беше така. Имав два дена обука со Едгарс Дамбергс, техничкиот комуникатор на СИА Витрактор. По две недели поминати на терен користејќи го системот немав никакви проблеми. Работата ми е многу поедноставна и полесна. Најдобро од се е кога сум горе во кабината и работам со AccuGrade, јас сум газда. Не зависам од други, но другите зависат од мене – тоа е прекрасно чувство“!

Системот AccuGrade 3D користи GPS технологија со која се споредува положбата на ножот со таа на компјутеризираниот план на локацијата со што му се сигнализира на операторот, или на хидрауликата, да го поткренат или да го спуштат ножот.

Според кажувањата на Јанис Ансвиесулис, системот AccuGrade 3D GPS ги надминал нивните очекувања и се покажал уште повеќе попродуктивен отколку што очекувале. „Побрз е и поевтин, и бидејќи нема потреба од постојано оптичко следење, го елиминира човечкиот фактор и со тоа имаме намалување на кадровските трошоци. Овозможува да работиме кога е ноќ, што е придобивка во зимските месеци; тоа не може да се прави со систем за оптичко следење. Овој систем дури ни помогна да ги убедиме државните инспектори кои веруваа дека сме направиле 5 см грешка во нивото на едно делница, а тоа воопшто не беше така. Всушност, излезе дека тие направиле грешка во нивните проверки. Ако го немавме AccuGrade, ние ќе потрошевме и време и пари обидувајќи се да исправиме грешка која всушност не беше реалност. Така, кога некој ќе праша за придобивките од AccuGrade, јас морам да кажам дека покрај штедењето, главна придобивка е мирот кој го овозможува, едноставно речено, можете да имате доверба во системот дека ќе го испорача ветеното“.

### НА ПАТ КОН ПОДОБРА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со користењето на AccuGrade 3D GPS системот на друг голем зафат, компанијата СИА Родекс повторно ги откри истите придобивки. Зафатот вклучуваше обновување на државниот автопат P33 A категорија IV во должина од 200 км. СИА Родекс беа ангажирани за обновување на делница со должина од 8 км. Пред да се изгради нов, мазен и прав пат, прво требаше да се работи на ископување и отстранување на стариот слој до длабочина која се движеше помеѓу три и четири метри. Задачата вклучуваше преместување на 170.000m$^3$ на разни типови на земја, камења, чакал и стар асфалт.

„Повторно, како и претходно“, вели Јанис, „се работеше на различни делови на проектот истовремено, додека секој дел е во различна фаза. Со користењето на AccuGrade, преминувањето од еден дел на друг беше многу поедноставно отколку да го немавме овој систем“.

### ИЗНАЈМУВАЊЕ ИЛИ КУПУВАЊЕ? ОДГОВОРОТ Е „ДА“

„И во двата проекта“, тврди Улдис, „изнајмувањето на AccuGrade 3D GPS системот за нас беше најатрактивната опција“. „AccuGrade навистина обезбедува голема предност кога се работи за обемни зафати, во моментот ние имаме два големи проекта. Исто така, можеби технологијата ќе еволуира во наредните години, така што додека навистина да ни затреба перманентен систем кој ќе биде во наша сопственост – изнајмувањето ни остава слобода и можност најсовремената технологија да ја купиме подоцна“.

Дали во иднина повторно ќе се потпираат на AccuGrade ? „Секако“, инсистира Јанис. „Онаму каде што не можеме да го користиме, се јавува потреба од вработување на повеќе луѓе со што се зголемуваат трошоците и со тоа поскапо не чини да го немаме системот, отколку да го имаме. Ова е особено релевантно во тешки времиња кога треба „повеќе да се размислува“ за да се биде ефикасен во работењето. Системот AccuGrade 3D GPS навистина прави огромна разлика“!



Улдис Клаперис, управител на СИА Родекс

**Овде најдете уште препораки од купувачи:**
www.mycattv.com/accugrade

# СОВЕТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ КОИ ЌЕ ГИ ЗГОЛЕМАТ ЖИВОТНИОТ ВЕК И ПРОДУКТИВНОСТА НА МАШИНАТА




**Редовните контроли и одржувањето на вашиот хидрауличен систем, како и следењето на упатствата за контрола на контаминацијата, ќе ги намалат вашите трошоци за работење и ќе ја максимизираат продуктивноста на машината. Во овој напис ви нудиме неопходни совети со цел да ги зголемите продуктивноста и перформансите на хидрауличниот систем на вашата машина.**

## СОВЕТИ ПРИ ПРОВЕРКИ

### 1. ИЗВЕДУВАЈТЕ РЕДОВНИ ВИЗУЕЛНИ ПРОВЕРКИ

Барајте пукнатини во цилиндрите или цревата, изабени или оштетени црева, изгубени штрафови, оштетени цилиндри, изабени дихтунзи, итн. а со цел да спречите некој мал проблем да се претвори во голем, како и да превенирате контаминација на хидрауличниот систем.

### 2. ПРОВЕРКА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ХИДРАУЛИЧНИОТ СИСТЕМ

Ефикасноста на хидрауликата може да опадне дури 20% пред операторот да открие дека нешто не е во ред и дека има проблем. Дилерите на CAT можат да изведуваат проверка и сервис на хидрауличниот систем со цел да ви помогнат да го одржувате системот во врвна состојба.

## СОВЕТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ

### 1. МЕНУВАЈТЕ ФИЛТРИ РЕДОВНО И ВНИМАТЕЛНО

Филтрите во хидрауличниот систем треба да се менуваат според упатствата дадени во Прирачникот за користење и одржување. Исто така, многу е важно новите филтри да се чуваат во обвивката додека не дојде време за нивно инсталирање, а старите филтри да се отстранат внимателно.

### 2. ИЗБЕРЕТЕ СООДВЕТНО МАСЛО

Проверете дали вашето масло ги содржи потребните адитиви, како, на пример, инхибиторите на оксидацијата и пена, како и цинк кој обезбедува максимална заштита на пумпите, моторите, цилиндрите и вентилите. Системот на напредни масла на Caterpillar HYDO™ Advanced ги содржи сите потребни адитиви и го зголемува интервалот за промена на маслото во хидрауликата.

### 3. ОДРЖУВАЈТЕ ГИ ХИДРАУЛИЧНИТЕ РЕЗЕРВОАРИ ПОЛНИ

Секогаш одржувајте го хидрауличниот резервоар помеѓу ознаките „Полно“ и „Додај“. Недоволното ниво на флуиди е главната причина која води до кавитација на пумпата и можно е да предизвика високи температури на маслото со што квалитетот на маслото се деградира.

## СОВЕТИ ЗА КОНТРОЛА НА КОНТАМИНАЦИЈАТА

Од 75% до 85% од дефектите кај хидрауличните пумпи, мотори, цилиндри и вентили се предизвикани од контаминација. Честичките кои не можат да се видат со голо око можат да предизвикаат оштетувања на пумпите, моторите, цилиндрите и вентилите по пат на абразивна или леплива изабеност.

### 1. КОРИСТЕТЕ КАПАЦИ НА БУРИЊАТА КОИ ДОБРО СЕ ЗАТВОРААТ

Капаците кои се припиени и добро се затвораат помагаат да се избегне навлегувањето на прашина и честички по воздушен пат, но и други контаминанти да навлезат во бурињата со масло. Исто така, се препорачува бурињата да се чуваат внатре.

### 2. ПРОВЕРЕТЕ ГИ ТЕЧНОСТИТЕ

Повремено проверете ја состојбата на маслото во цистерната. Обезбедете цистерната да има 4 микронски филтри за воздух додека се истура маслото.

### 3. КОРИСТЕТЕ ВИСОКОЕФИКАСНИ ФИЛТРИ ПО ПОПРАВКИТЕ

Контаминантите го напаѓаат системот за хидраулика секогаш кога е отворен за поправка. Го препорачуваме користењето на филтрите со висока ефикасност на CAT за отстранување на контаминанти по каква било инвазија на системот.

>> **Дознајте повеќе**
www.cat.com/parts/hydraulics

# МОМЕНТАЛНО ПРИВЛЕКУВАЊЕ



**Кога Зигфрид Пензенстадлер, сопственикот на германската градежна компанија Пензенстадлер Доо, со седиште во Минхен, го посети саемот БАУМА во април минатата година, тој немаше планови во догледно време да купи натоварувач на тркала. Сепак, само неколку часа подоцна, тој стана горд сопственик на беспрекорниот 4-годишен Cat M318C со поминати само 3,000 работни часа. Еве што се случи.**



**ЗИГФРИД ПЕНЗЕНСТАДЛЕР,**
сопственик на германската градежна компанија стационирана во Минхен, Пензенстадлер Доо

**ФЛОТАТА НА ПЕНЗЕНСТАДЛЕР ДОО**

5 x 325DLN
2 x 325CLN
1 x 325BLN
2 x 966G
1 x 950G
2 x 966H
1 x D6N LPG
1 x D5M
1 x D5H
1 x M318C
1 x 928G
1 x D4M
1 x 320BLN
1 x 950F
1 x 322BLN
1 x 320N

Компанијата Пензенстадлер Доо е во бизнисот уште од 1940 г., прво како транспортна компанија, потоа активностите се прошириле на градежни зафати, земјани работи и рециклирање на полиња. Компанијата го купила првиот багер во 1954 г. и првата машина на CAT – булдожерот D4, во 1980 г. откога Зигфрид Пензенстадлер го презеде раководењето на компанијата од неговиот татко во 1976 г. Денес, компанијата прави промет од 20 милиони евра годишно, вработува помеѓу 70 и 100 луѓе (во зависност од нивото на бизнисот) и оперира со вкупно 35 градежни машини.

Од сите машини, 25 се машини на CAT, па се прашуваме зошто токму фирмата CAT е толку популарна во Пензенстадлер? „Тоа не се најевтините машини кои можете да ги купите“, вели Зигфрид, „но, според мене, тие се едноставно најдобри. Достапноста на деловите е одлична, а кога ќе дојде време, можете да ги продадете каде било на планетата“.

**ЉУБОВ НА ПРВ ПОГЛЕД (ПОВТОРНО)**

Меѓутоа, ниту купување ниту продавање му беше на дневен ред на Зигфрид кога го посети штандот на Caterpillar на саемот за градежни машини - БАУМА во Минхен, во април минатата година. „Јас само сакав да видам што има ново, како секогаш што правам“, тврди тој, „иако потсвесно можеби сум размислувал дека во работата добро ќе ни дојде уште еден натоварувач на тркала, но во некое догледно време во иднина, а не веднаш“.

Но тогаш, на штандот на Caterpillar тој здогледал користен, сертифициран модел на CAT M318C натоварувач на тркала, произведен во 2006 г. со 3,000 работни часа. Во рок од еден час донел одлука да се купи и зделката била готова. „За нас ова беше паметен потег“, вели Зигфрид со насмевка. „Не само што добивме одлична машина, туку и до крајот на саемот Баума машината беше изложена на штандот на Caterpillar со ознаката „продадено на Пензенстадлер Доо, а тоа е одлична реклама за нашата компанија! Но,сериозно, цената беше добра, се беше добро и јас ја сакам“.

**СЕРТИФИЦИРАНИ КОРИСТЕНИ МАШИНИ ЗА МИРНА ГЛАВА**

Молскавичната одлука на Зигфрид не беше изненадување за референтот за продажба на локалниот дилер на CAT Цепелин, Марко Гаспар. „После сѐ“, вели тој, „тој го направи истото пред три години. Тогаш, на Баума купи користен натоварувач на тркала 950, само поради тоа што се вљуби во

*„Цената беше одлична, се беше одлично и јас ја сакам“.*

него; денес признава дека во тоа време немал вистинска потреба од натоварувачот. Но, машината одлично се покажала на сите работни локации, така што знаевме дека нему му се допаѓа концептот за сертифицирани користени машини на CAT“.

Јенс Шрадер, консултантот на Caterpillar за користена опрема за регионот на Централна и Источна Европа објаснува: „Ако решите да купите користена опрема, секогаш постои чувството дека преземате одреден ризик. Како да бидете сигурни дека добивате добра вредност? Тоа е како да купувате користен автомобил, можете да добиете добар користен Мерцедес, да речеме, за одредена




сума пари, но ризикувате затоа што не ја знаете историјата на автомобилот. Така, одлучувате наместо Мерцедес да купите нов Фиат за истите пари“.

„Концептот за сертифицирани користени CAT машини ги надминува овие пречки. Концептот обезбедува до две години гаранција на CAT за сертифицирани користени машини, како и финансиски пакет со ниска камата и договор за сервис. Исто така, користената машина се подготвува да достигне високи стандарди. Имено, се проверува на 140 различни точки пред да се понуди за продажба. Тоа е програма која ја нудат сите дилери на CAT во Европа, Африка и Блискиот Исток, а крајниот резултат за секој купувач на користена машина на CAT е сигурност што не можете да ја најдете на друго место.

**ЈАСНА ПРЕДНОСТ**

За Зигфрид Пензенстадлер придобивките се јасни. „Равенката цена/перформанси беше точна, доверливоста е одлична, при поставувањето цевки и изградбата на патишта, каде што досега работеше, M318C прави се што се бара од него. Нашите оператори го претпочитаат повеќе од другите машини на други производители, особено заради тоа што хидрауликата овозможува супериорно управување“.

„Обично купуваме нови машини – само 10% од нашите машини се купени од втора рака – но немаме никакви грижи во врска со оваа машина. Машината од Баума отиде право на локација и сè уште работи според очекувањата. Исто така, бидејќи имаме развиено сериозен однос со дилерот на CAT, Цепелин, уште од 1980 г., знаеме дека имаме поддршка во секое време ако е потребно за одржување на машината во работна состојба. За нас тоа е решение без никаков ризик“. ■






Моделот на Cat M318C како експонат на штандот на Caterpillar на БАУМА, заедно со ознаката „продадено на Пензенстадлер“.

>> **Дознајте повеќе**
www.uk.cat.com/certified-used




# ГЕНИЈАЛНОСТ НА ДЕЛО

**Кога сте соочени со задача која опфаќа проширување и подобрување на комплексна транспортна инфраструктура во околина полна со предизвици каква што е Швајцарија, потребни ви се имагинација, врвни вештини и комплетна посветеност – заедно со доверливоста и разновидната намена на машините на CAT за да ја завршите работата. Во овој напис ќе се фокусираме на два примера.**

1: МОНТЕ ЦЕНЕРИ

**1**

## ШВАЈЦАРСКАТА АЛПСКА ТРАНЗИТНА ЛИНИЈА МИНУВА ПОД ЗЕМЈА КАЈ МОНТЕ ЦЕНЕРИ

Машини на CAT специјално приспособени за пробивање тунели, на работа под земја во Монте Ценери.





Минатата година, во пролет, започна изградбата на 15,4км долгиот тунел во Ценери во швајцарскиот кантон Тичино. Тунелот го сочинуваат две поединечни пробиени ленти кои ја продолжуваат швајцарската алпска транзитна линија јужно од тунелот Готхард.

Се планира тунелот да почне да работи на крајот на 2019 г. Низ него ќе минуваат експресни и товарни возови. Досега ваквите возови не можеа да оперираат на постоечката стрмна патека преку планината Монте Ценери.

Со цел да одговори на потребите за набавка на машини, претприемачкиот конзорциум Кондоте Коси му се обрати на дилерот на CAT во Швајцарија, Авеско, кој за овој проект работи заедно со италијанскиот дилер на CAT – СГТ и германскиот дилер на CAT – Цепелин.

Багерите Cat 314D LCR и 328D LCR кои се користат на проектот се приспособени од страна на дилерот за пробивање на тунели. Стрелите и црпалките се неконвенционални, како во поглед на формата, така и во однос на големината. Булдожерските ножеви за тешка намена се монтирани на конструкцијата. Цврсти прекривки ги штитат горните делови на цилиндрите на ножевите. Ваквите модификации обезбедуваат исклучителна стабилност со што се овозможува секаков вид на порамнување. Додека се расчистува „круната“ на тунелот и вертикалните странични делови од одрони, ножот во задниот дел спречува машината да се „прикрадува“ наназад. Како и сите останати машини на локацијата, осумте компактни радиусни багери, исто така, се опремени со две опреми за гасење пожар, една во кабината, а другата на надворешната страна на багерот.

За натоварување и копање во тесните поврзани ходници, Авеско изврши модификации на четири натоварувачи на тркала Cat 938H. Крилата беа скратени и делови од задните крила беа отстранети. На овој начин максималната ширина на натоварувачот изнесува 2,6м. За подобра заштита на операторот додадени се уште еден покрив и преден ветробран на кабината. Подвижната покривка спречува оштетување на цилиндарот за истовар, додека тешките челични греди на противтегот го штитат радијаторот од странични удари.

Кога експлозиите и дупчењето се во полн замав, се работи на двата тунела истовремено, северно и јужно. По секој ударен бран на експлозијата, багерот 328D LCR ја расчистува круната и лицето на тунелот од одрони и го финишира профилот на тунелот со хидрауличниот чекан. Расчистениот терен се обезбедува со челични мрежи и потоа натоварувачот на тркала го изнесува шутот на влезот од тунелот и го исфрла во мобилната постројка за дробење. Издробениот материјал се изнесува од тунелот со систем на подвижна растеглива лента. Околу 20% од извадениот камен може повторно да се користи за производство на бетон на локацијата. Остатокот се остава за уредување на површината околу градежната локација.



2

# ОД ТУНЕЛ ДО МОСТ ВО КНОНАУЕР АМТ

Во втората половина на 19. век, возовите од Луцерн до Цирих поминувале низ областа Кнонауер Амт затоа што линијата која минува околу брегот на Циришкото Езеро се уште не била изградена. Железницата со еден колосек поминувала низ канал длабок 10 метри помеѓу селата Хединген и Бонстетен/Ветсвил. Наместо да гради мост преку каналот, сопственикот на железничката линија се одлучил да изгради тунел и така да ја пополни празнината за патот. Градителите користеле блокови песочен камен за изградба на тунелот, чијашто „круна" изнесува 70 см, а страничните ѕидови на долниот дел 150 см. Потоа каналот бил исполнет до нивото на патот со што е изграден 21-метарскиот тунел Крузахер.

Со оглед на тоа што се повеќе луѓе ги напуштаат големите градови за да живеат во околните села, капацитетот на јавниот превоз треба да се зголеми за да може да ги превезува на работа до градовите, како на пример, до Цирих. Затоа, Швајцарската федерална железница (СББ) донесе одлука во иднина да додаде уште еден колосек на железницата во „Кнонауер Амт„ Така, во 2009 г., полнетиот материјал над тунелот беше ископан и отстранет и нов бетонски мост го заседе местото на патот што поминуваше над каналот. Конечно, тунелот ја загуби првобитната функција и беше ставен во процедура за отстранување.

Откако последниот воз помина низ тунелот Крузахер, доцна навечер, во јули минатата година, работниците на Федералната железница ги отстранија електричните жици. Потоа специјален воз со подвижни ленти ги покри шините со 60 м$^3$ кршен камен. Во 4:00 првиот 51-тонски Cat 345C L, висеше од 200-тонскиот кран кој полека го спушташе на покриените шини. Во 4:30 првиот блок песочен камен на северната страна падна на земја. 28 минути подоцна, вториот багер на Cat 345C L веќе беше поставен на позиција на јужниот крај. Нападната со хидрауличен чекан и бетонска дробилка, круната на тунелот почна да се урива.

Во 7:38 круната на тунелот ја снема. Додека багерот на јужната страна ги уриваше страничните ѕидови со чекан, два други 345C поместуваа камења и материјал на нивото на патот. Околу 8:30 се појавија првите дампери. Еден Cat 973C ги полнеше цел ден, натоварувајќи 2 600 м$^3$ материјал кој се носеше во депонијата за рециклирање. Во саботата навечер, тунелот Крузахер стана дел од историјата.

**2: КНОНАУЕР АМТ**
Поместување камења и материјал на локацијата каде што претходно бил тунелот Крузахер.







## CAT СЕРТИФИЦИРАНА КОРИСТЕНА ОПРЕМА

# ИСПРОБАНО, ИСПИТАНО, ИЗДРЖЛИВО



**МУХАМЕД ЕРКАН,**
сопственик на Ермас Мермер



Огромен блок мермер се носи од каменоломот на преработка во блиската фабрика.



Помали парчиња мермер се носат од каменоломот со зглобниот дампер Cat 725

**На кој начин една демонстрација на локација го убеди еден турски производител на мермер да ги согледа економските придобивки од користењето на машините на CAT.**

Производителот на мермер, Ермас Мермер, со седиште близу Јатаган во западната провинција Мугла, раководи со пет каменоломи од кои два се во околината на Јатаган и три уште појужно, близу градот Анталија. Соработува со три фабрики кои работат со материјалот од каменоломите. Фирмата работи од 1985 г. и комплетното годишно производство на мермер изнесува 150,000 тони. Благодарение на својот висок квалитет, овој мермер е многу баран низ целиот свет. Од вкупното производство, 75,000 тони се ископуваат на каменоломите во Јатаган каде компанијата моментно користи опрема која вклучува хидраулични багери, натоварувачи на тркала и зглобни дампери, вкупно околу 28 машини, од кои не помалку од осум машини го носат логото на Cat.

Но, не беше секогаш вака. Сопственикот на компанијата, Мухамед Еркан признава дека пред 2008 г. немало ниту една машина на CAT на локација. „Всушност, ние купивме стара машина на CAT во 1997 г. вели тој, „и машината се уште ја користиме и ден денес. Од некоја за нас непозната причина, се веруваше дека потрошувачката на гориво кај машините на CAT е поголема отколку кај машини од други производители. Денес, можам да кажам дека ваквото верување не беше базирано на цврсти докази, туку беше резултат на тоа што ние не бевме заинтересирани за овој бренд во вистинската смисла на зборот, и работевме со машини од други производители".

**ЕВАЛУАЦИЈА ГРБ-СО-ГРБ**

Меѓутоа, во 2009 г., зголемувањето на обемот на работа значеше дека Ермас Мермер треба да ја прошират својата флота и размислуваа да купат еден, можеби два зглобни дампера, најверојатно користени машини. Турскиот дилер на CAT со седиште во Измир, Борусан Макина, во редовен контакт со компанијата согледа можност да и помогне на компанијата да ја надмине колебливоста и да размисли за машините на CAT. Понудата од дилерот на CAT за изведување демонстрација на локација беше прифатена, и така, еден користен зглобен дампер, Cat 725, произведен во 2005 г., со околу 4,600 работни часа, беше испорачан на каменоломот во Јатаган за продолжена евалуација, грб-со-грб со еквивалентен модел од друг производител кој веќе се користеше на локацијата.

Десетдневното обемно испитување на перформансите, при што резултатите се бележеа на крајот од секој ден, успеа да ја убеди компанијата дека нивната колебливост во однос на користењето на машините на CAT е неоснована. Мухамед објаснува: „За време на демонстрацијата беше јасно дека машината на CAT испорачува поголема употребна моќ од другата машина со истата количина гориво. Така, таа беше во можност да работи побрзо со истата потрошувачка на гориво, а со тоа да обезбедува повисока продуктивност. Се разбира, под услов да можеме да бидеме сигурни дека ќе функционира издржливо. Исто така, имаше уште една позитивна работа", додава тој. „Нашите оператори претпочитаа да работат со машината на CAT. Нејзината поголема моќност значеше дека таа е полесна за користење со што нивното работење беше поедноставено, а тоа е уште еден важен фактор кој го земавме предвид".

Повеќе ▶






Видете го нашиот концепт во акција тука:
www.mycattv.cat.com/certifiedused

Откријте ги разните видови опрема:
www.catused.com



Тимска работа: Cat 330B L, 980H BH (справување со блоковите) и 725 на работа кај Ермас Мермер каменоломот во Јатаган

**Целокупната сертифицирана опрема на CAT е стара помалку од пет години, има ниско ниво на работни часови и го вклучува следното:**

Минимум 6-месечна гаранција за погонскиот механизам
Надворешен изглед како нова опрема
Проверка на 140 контролни точки
50% помалку абење на гумите, подвозјето и алатките за земјени работи
Предвидено сервисирање од техничко лице обучено во фабрика на CAT
Достапно финансирање по конкурентни каматни стапки
Опции за покривање на проширен сервис

**Точките за проверка и инспекција се:**

Општата состојба
Стрелата
Безбедносните делови
Електричниот систем
Операторската станица
Трансмисијата
Сопирачките на моторот
Системот за ладење
Хидрауликата
Погонските тркала
Подвозјето
Приклучоците

**Машини на CAT кои се користат кај Ермас Мермер:**

2 x 980 HBH натоварувачи на тркала
3 x 725 зглобни дампери
2002 г. модел со 9,000 часа
2005 г. модел со 4,600 часа (сертифицирана од CAT, користена)
2006 г. модел со 4,900 часа (сертфицирана од CAT, користена)
2 x 330BL багери

## КОМПЛЕТЕН ПАКЕТ ЗА ЦЕЛОСНА ПОДДРШКА

Меѓутоа, кај Мухамед се уште постоеше двоумење околу тоа дали да се обврзува да купи користена машина на CAT. „Ние користевме машини кои не беа на CAT на нашите каменоломи", вели тој, „па затоа ги познававме нивните перформанси, додека машината на CAT, иако брилијантно се покажа на пробата, се уште беше непозната за нас во поглед на доверливоста, одржувањето и издржливоста. Се прашувавме, дали ќе продолжи да работи за нас така ефективно како што се покажа на пробната демонстрација? Исто така, треба да се каже дека користена машина на CAT е поскапа од еквивалентен користен модел од друг производител. Така што ни требаше охрабрување дека ќе донесеме вистинска одлука одбирајќи го CAT".

*„Гарантниот пакет ги распрсна сите наши грижи во врска со доверливоста, сервисирањето и се друго".*

Охрабрувањето се појави во форма на гарантен пакет понуден од Борусан Макина. „Дефинитивно се распрсна нашата загриженост во врска со доверливоста, сервисирањето и се останато", вели Мухамед, „особено гаранцијата од 3,000 часа. Тоа е одлична зделка за четири години стара машина. Како резултат на ова се одлучивме за машина на CAT и го впрегнавме 725 право на работа".

Дали ги оправда вашите очекувања? „Да", вели Мухамед, категорички. „Кога го купивме, додадовме уште 2,000 работни часа. До минатата есен машината имаше сработено 7,000 часа без вистински проблеми, така што очекуваме да ја користиме уште наредните пет години кога ќе има работено вкупно 15,000 часа". Со цел уште повеќе да го докаже своето задоволство, тој ни укажа на фактот дека Ермас Мермер сега инвестира во повеќе опрема од CAT – мешавина од нови и користени машини, така што досега, во инвентарот на компанијата има вкупно десет машини на CAT.

## ЗОШТО ДА КУПУВАТЕ КОРИСТЕНИ МАШИНИ?

Што се однесува до Ермас Мермер, одлуката да инвестираат во користена опрема на CAT претставуваше здрава економска логика. Едноставно, се работи за споредување на трошоците наспроти перформансите и доверливоста. „На пример", вели Мухамед, „да ги земеме дамперите кои го пренесуваат мермерот од каменоломот до локациите за негова преработка. Исто како и други производители на мермер во Турција, и ние користевме камиони. Иако тие не се идеални, тие се поевтини во споредба со специфичните дампери кои се користат на каменоломите. Но, ако успеете да купите користен зглобен дампер на CAT, заедно со поддршка каква што ние ја добиваме од Борусан Макина како дел од пакетот, загарантирано е дека дамперот ќе работи ефективно, во подолг временски период и во секакви услови, додека обичните камиони не можат да го направат тоа. Така што равенката на трошоци наспроти продуктивноста оди во прилог на користениот дампер на CAT".

„Затоа ние инвестиравме во користена опрема на CAT и имаме намера и понатаму да продолжиме да инвестираме во неа". ■

>> **Дознајте повеќе за нашите зглобни дампери**
www.uk.cat.com/articulated-trucks

Погледнете ги нашите натоварувачи на тркала во акција
www.mycattv.com/MWL

# CAT РЕТРОСПЕКТИВА

1959




**Првиот натоварувач на тркала на CAT,моделот 944**

Произведен пред 50 години, со 1,5 $m^3$ зафатнина на корпата, и 78kW дизел или бензински мотор. Натоварувачот беше кулминација на седумгодишно развивање и воедно означи почеток на превземање на водството на Caterpillar на светскиот пазар на натоварувачи на тркала од средната класа.



Првобитно беше во сопственост на норвешката армија, овој 922B натоварувач на тркала сега е во сопственост на норвешкиот клуб на железници, и сеуште се користи за товарење пруги, пренос на опрема и расчистување на снег.



Грчкиот градежен претприемач, Никос Котелидес го поседува овој модел 944A од 1960 г. Претходно, 24 години натоварувачот бил во сопственост на неговиот чичко. Сеуште е во полна работна состојба и денес се користи за пејсажно уредување од мал обем.



Моделот 922A од 1960г. е сопственост на шведскиот фармер Валди Бени кој го користи околу 150 часа годишно за расчистување на снег, разнесување на храна за животните, како и пренесување на товар.

Фотографиите се со дозвола од архивата наCaterpillar




## Ајде да позборуваме

**Новите Cat® мини натоварувач и мултитеренски натоварувачи од C- серијата нудат одлични перформанси со извонредна моќност со што ви помагаат побрзо да извршувате било која работна задача.**

**Системи на подвозие со амортизација кај мултитеренските натоварувачи овозможуваат работење 365 дена во годината под било какави временски услови.**

- Фантастична нова кабина
- Најнова технологија, опција за целосно задихтувана кабина со изедначен притисок
- Воздушни седишта
- Џојстици монтирани на седиште со можност за подесување
- Лесното одржување го скратува времето на неработење
- Можноста за менување на цела низа алатки овозможува една машина да ја извршува работата на повеќе

**Контактирајте го вашиот дилер сега.**

©2007 Caterpillar, сите права се задржани. CAT, CATERPILLAR, нивните сопствени лога, жолтата боја “Caterpillar Yellow” и POWER EDGE изгледот, како и притоа користеноит корпоративен и производен идентитет, се заштитни знаци на Caterpillar и не смеат да се користат без дозвола.

**ТЕКНОКСГРУП МАКЕДОНИЈА**
**Д.о.о.е.л**
ул. Антон Попов 6б,
1000 Скопје

тел. + 389 (0)2 2527 205
contact-mk@teknoxgroup.com
www.teknoxgroup.com